**Известување за концентрација со која Пајплајф Интернешенл ГмбХ, Виена, Австрија стекнува единствена контрола врз Варгон д.о.о., Кукуљаново, Хрватска**

**(предмет бр. 08-99/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.06.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Пајплајф Интернешенл ГмбХ, Виена, Австрија стекнува 79,67% од акциите и единствена контрола врз Варгон д.о.о., Кукуљаново, Хрватска.

Пајплајф Интернешенл ГмбХ е добавувач на решенија за цевководни системи за за инфраструктура, згради и земјоделство. Дел е од Групацијата Винербергер („Групацијата Винербергер"), глобално оперативен добавувач на градежни материјали и инфраструктурни решенија. Групацијата Винербергер работи преку своите брендови Винербергер (Wienerberger), Пајплајф (Pipelife), Штајнцуг-Керамо (Steinzeug-Keramo), Земелрок (Semmelrock) и Џенерал Шејл (General Shale).

Групацијата Винербергер има едно претпријатие-ќерка регистрирано во Северна Македонија: ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ, лоцирано во Виница.

Варгон е регионален производител на пластични цевки и соединенија за домашни и инфраструктурни примени.

Варгон нема регистрирани субјекти, вработени или имот во Северна Македонија.

Предложената трансакција потенцијално се однесува на пазарот на цевки и фитинзи во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

21.06.2022 година
Скопје